PERUN ARTIS
здружение за развој
на уметноста
и мултикултуралноста

Издавач: ПЕРУН АРТИС - Битола

**Главен и одговорен уредник**
**Сашо Огненовски**

**Редакција**
**Пол Лингард Дамгард** (Данска)
**Милутин Ѓуричковиќ** (Србија)
**Раед Ал Јиши** (Саудиска Арабија)
**Маи Ван Фан** (Виетнам)
**Јетон Келменди** (Косово)
**Гили Хаимович** (Израел)
**Кристофер Окемва** (Кенија)
**Игор Лозаноски**
**Лилјана Пандева**
**Даниела Андоновска – Трајковска**

# КНИЖЕВНИ ЕЛЕМЕНТИ

Списание за современа светска книжевност

## ОД ОВА КОПНО

**ПОЕЗИЈА:** 2/Гордана Михаилова Бошнакоска ▪ 6/Иван Додовски ▪ 9/Лулзим Хазири ▪ 11/Павлина Атанасова ▪12 Марија Ангеловска ▪ 13/Стефан Костоски
**ПРОЗА:** 14/Славко Јаневски ▪ 16/Петар Андоновски ▪ 18/Ѕвездан Георгиевски ▪ 20/Даниела Андоновска Трајковска
**ЕСЕИ:** 22/Васил Тоциновски ▪ 26/Весна Мојсова Чепишевска ▪ 29/Јованка Денкова
**ДРАМА:** 34/Ева Камчевска

## МЕРИДИЈАНИ

**ПОЕЗИЈА:** 41/Имануел Мифсуд (Малта) ▪ 42/Џоел Тејлор (Велика Британија) ▪ 45/Марко Погачар (Хрватска) ▪ 80/Марко Ѓорѓевиќ (Србија) ▪ 46/Ненад Трајковиќ (Србија) ▪ 47/ПОЕЗИЈА ОД КЕНИЈА
**ПРОЗА:** 52/Марко Грегур (Хрватска) ▪ 54/Селма Скендеровиќ (Словенија) ▪ 56/ Јуриј Худолин (Словенија)
**ДРАМА:** 58/Сара Горчала (Велика Британија)▪ 65/Стивен Ли Морис (САД)
**ЕСЕИ:** 68/Гојко Божовиќ (Србија)

## ЗЕМЈА ВО ФОКУСОТ: УКРАИНА

Катерина Момева

**ПОЕЗИЈА:** 70/Ана Багријана ▪ 72/Васил Слапчук ▪ 73/Јулија Бережко Каминска ▪ 76/Микола Мартинјук
**ПРОЗА:** 77/Тетјана Киценко
**Драма:** 81/Тетјана Киценко ▪ 83/Наталија Ворожбит ▪ 89/ Неда Неждана ▪ 91/Наталија Блок ▪ 93/Ирина Серебрајкова

**Овој број е финансиски помогнат од Министерството за култура на Република Северна Македонија**

Република Северна Македонија
Министерство за култура

**ISSN 2671 – 3233 УДК 82**
**БИТОЛА ГОДИНА V БРОЈ 8 ПРОЛЕТ 2023**



821.163.3-93-31(049.3)

**ЈОВАНКА Д. ДЕНКОВА**

# АДОЛЕСЦЕНТСКИОТ РОМАН „БРУКЛИН“ ОД ДАМЈАНА ВИДИЧЕСКА – РОМАН ЗА ЖИВЕЕЊЕТО СО СТРАВОТ, ВИНАТА, ЉУБОВТА И НАДЕЖТА

Романот „Бруклин“ од автората Дамјана Видическа[1] е објавен во 2015 година од издавачката куќа Македонска реч, Скопје. Во моментот на објавување на романот, авторката Дамјана Видическа е одвај полнолетна, но нејзината книжевна реч говори дека пред нас имаме квалитетно, талентирано книжевно перо. Вредноста и значењето на овој роман е дотолку поголема, затоа што е напишан од адолесцент и многу веродостојно ни ги донесува и пренесува сите дамари и искушенија на адолесцентите.

Романот се одвива на релација Скопје-Њујорк, поточно, дејството започнува да се раскрилува во моментот кога средношколката Даниела тргнува на патување кај роднините во Њујорк, поточно во Бруклин.

Јованка Д. ДЕНКОВА

## АДОЛЕСЦЕНТСКИОТ РОМАН „БРУКЛИН“ ОД ДАМЈАНА ВИДИЧЕСКА – РОМАН ЗА ЖИВЕЕЊЕТО СО СТРАВОТ, ВИНАТА, ЉУБОВТА И НАДЕЖТА

Романот „Бруклин“ од автората Дамјана Видическа[1] е објавен во 2015 година од издавачката куќа Македонска реч, Скопје. Во моментот на објавување на романот, авторката Дамјана Видическа е одвај полнолетна, но нејзината книжевна реч говори дека пред нас имаме квалитетно, талентирано книжевно перо. Вредноста и значењето на овој роман е дотолку поголема, затоа што е напишан од адолесцент и многу веродостојно ни ги донесува и пренесува сите дамари и искушенија на адолесцентите.

Романот се одвива на релација Скопје-Њујорк, поточно, дејството започнува да се раскрилува во моментот кога средношколката Даниела тргнува на патување кај роднините во Њујорк, поточно во Бруклин. Рамката на романот се затвора со нејзиното враќање од Њујорк кон Македонија. Радоста заради патувањето кај роднините е голема, но не само заради тое што летото ќе го помине во Њујорк, туку и заради поинаков „товар“ кој девојката го понесува со себе: „Не само што цело лето ќе го поминам во Њујорк, туку и ќе заборавам на сѐ што се случило досега овде, на сите пречки и ќе имам шанса да променам некои работи во мојот живот“ (7). Во Бруклин, Даниела има братучетка на своја, шеснаесетгодишна возраст –Ана, со која уживаат во забавата која ја нуди метрополата. Па така, нивните авантури започнуваат со прошетки по трговските центри, забави на плажа, прошетки по парк, итн. При тие прошетки, воочуваме дека Даниела во ништо и со ништо не се разликува од девојчињата од мојата, вашата и нечија друга улица во градот. Така е и со соништата, очекувањата и надежите на останатите ликови, мајката и таткото на Даниела, Ели и Стефан, нејзините тетка и тетин Сузана и Џек, како и нејзините братучеди Ана и Џејсон, кои и покрај разликите во годините, полот и јазикот, меѓусебно, овде, во романот, потполно се разбираат и ги допираат силните емоции и енергии кои ги поседуваат младите луѓе.[2]

Истовремено, нараторот Дамјана ни го претставува и социолошко-културниот контекст на ова дело, со што истото добива уште поголема книжевна вредност. Низ нејзините согледувања на околината, читателите можат да ги согледаат културолошките разлики на двете земји. Најпрвин, Даниела ги воочува разликите во околината: „Пред нас поминуваа разни луѓе со најразлични стилови. Видов човек кој имаше на главата картон наместо капа. Нормално, на тоа ние се зачудивме, а другите не го забележуваа. Овде никој не се интересира кој што прави. Нивен живот, нивни одлуки. Тоа е нешто што многу ми се допаѓа, а го нема кај нас“ (20). Поинаквата култура и живот на младите во САД е евидентно и во односот кон работата. Имено, таму младите како братучетката Ана, иако средношколци, работат преку летниот период со повисока цел-за подобра и посигурна иднина: „Сепак, потребни ми се пари за колеџот, а добро да почнам од сега“ (94).

---

[1] Дамјана Видическа е родена на 12 април 1996 година во Охрид, каде го завршила своето основно и средно образование. Студира на Факултетот за странски јазици во Струга. Денес работи како професор по англиски јазик. Љубовта кон литературата ја следи од мали нозе, како и литературното творење. Автор е на книгите: „Мојата фамилија“ (2009), „Седумте желби“ (2011). Се занимава и со фотографија. Автор е на краткометражниот филм „Одлуката на Ана“, каде била целосен автор: сценарио, камера и режија. Романот „Бруклин“ е трета нејзина книга.

[2] Милчо Јованоски, Роман за младешкиот немир, (поговор кон книгата „Бруклин“ од Дамјана Видическа), Македонска реч, Скопје, 2015, стр.209-212.

И покрај нејзината зафатеност, тие двете, Даниела и Ана, нема да пропуштат можности за забава, па Даниела ќе има прилика да другарува и со другарките на Ана – Алисон, Саша и Меган, да присуствува на гламурозна роденденската забава на плажа во чест на полнолетството на другарката Алисон, но и да доживее емоционален љубовен потрес при познанството со момчето Џон: „Во еден момент не знаев каде се наоѓам од срам, сè додека самиот тој не ми подаде рака за да ми помогне да станам. Дури тогаш сфатив дека не е стар човек, туку момче на моја возраст. Имаше преубава крената, темнокафеава коса и сини очи. Беше облечен многу прикладно, со сини фармерки, црн дуксер и црни стартки. Моментот кога сфатив дка сум се судрила со толку убаво момче, беше истовремено и миг кога посакав веднаш да ме снема“ (24-25). И ова момче - Џон, кое судбински Даниела го среќава насекаде, на свои седумнаесет години, работи повеќе нешта: свири на гитара во паркот, продава сладолед на плажа. Некои истражувања покажуваат дека повеќето средношколци/адолесценти го трошат најголемиот дел од заработката на облека, музика, хоби и слободни активности. Трошењето за автомобили е на второ место, особено кај мажите. Штедењето за идното образование или придонесот за помагање на семејните потреби се рангирани многу пониско. Во текот на последните три децении имаше само скромни промени во овие употреби на заработката. Останува фактот дека повеќето средношколци го користат најголемиот дел од својата заработка за „дискреционо“ трошење. Тинејџерите кои штедат повеќе за идното образование веројатно ќе имаат повисоки оценки, поголеми планови за факултет и пониски стапки на употреба на супстанции; тие исто така имаат помала веројатност да работат долги часови на платена работа во текот на учебната година.[3]

Адолесценцијата, според ДеБрун (1981), е период на раст помеѓу детството и зрелоста. Временскиот период во кој се случува овој раст е различен за секој поединец. Во оваа фаза, младото лице доживува физички, емоционален и когнитивен развој.[4] Токму тој конгинивен развој, како и настојувањето на адолесцентите за поголема самостојност, се круцијални за нивната одлука да почнат да работат, особено за време на распустот. Не треба да се заборави и на фактот дека токму когнитивната зрелост е она што ги поттикнува адолесцентите и да размислуваат за својата иднина. Се смета дека вработувањето ги подготвува адолесцентите за транзиција кон зрелоста и предавањето на практични вештини како што се одговорноста, независноста и вредноста на парите.[5] Наведените резултати од повеќе истражувања укажуваат дека адолесцентите кои работат, добиените приходи најчесто ги трошат за свои потреби (облека, автомобили, забава), а помал е делот на оние адолесценти кои од заработката штедат за да студираат или за идни обуки. Исто така, студијата покажала дека семејствата од кои потекнуваат адолесцентите кои штедат за своето идно образование, се семејства во кои и родителите имаат навика да штедат.[6]

---

[3] Jerald G. Bachman, Jeremy Staff, Patrick M. O'Malley, Peter Freedman-Doan, What do teenagers do with their earnings, and does it matter for their academic achievement and development?, Monitoring the Future Occasional Paper No. 78, Institute for Social Research, The University of Michigan, Ann Arbor, MI, 2014, https://deepblue.lib.umich.edu/bitstream/handle/2027.42/137796/mtf-occ78.pdf?sequence=1, 18.03.2023

[4] deBrun, S. R. (Winter, 1981). "The Psycho-Social Dimensions of Preadolescence,'' Adolescence. 16.913-918. (kaj Diane Denais Sasser, An Exploratory Study of the Consumer Behavior of Working Adolescent Females, 1998, LSU Historical Dissertations and Theses. 6639, https://digitalcommons.lsu.edu/gradschool_disstheses/6639 , 18.03.2023

[5] Bedenbaugh, E. H., & Garvey, R. C. (1993). Competing for time: School and teenage employment. NASSP Bulletin. 76. 74-81

[6] Diane Denais Sasser, An Exploratory Study of the Consumer Behavior of Working Adolescent Females, 1998, LSU Historical Dissertations and Theses. 6639, https://digitalcommons.lsu.edu/gradschool_disstheses/6639 , 18.03.2023

Во романот „Бруклин“, младата авторка Видическа ни го открива функционирањето на младите, конкретно на друштвото на Ана. Тое особено е евидентно кога другарките се организираат за роденденската забава за полнолетството на Алисон, и место подарок кој би го купиле, решаваат да направат нешто самите, видео со нивните заеднички спомени. Роденденската забава ќе биде само повод авторката Видическа да ни „распреде“ приказна за една нова љубов, зародена меѓу Даниела и момчето Џон. И двајцата, како што потенцира и Горјан Петревски за оваа книга, чувствувајќи ја довербата еден кон друг, ќе си ги откријат своите страдања. Даниела поради трагедијата со другарка ѝ Еми, а Џон за загубата на родителите во наместена сообраќајка од која само тој ќе преживее и ќе остане на грижата на својот „вујко-чичко“ Мајк, детектив во тамошната полиција.[7] Токму трагедијата на Еми, е она заради што Даниела му се радува на заминувањето од родната Македонија во Њујорк.

Авторката Видическа во овој роман проговорува за една болна тема, за жал, сè почеста во поново време – самоубиството меѓу младите. Самоубиството, познато и како завршено самоубиство, е „чин на земање на сопствениот живот“.[8] Според студијата на УНИЦЕФ, секое седмо дете и адолесцент на возраст од 10 до 19 години во светот живее со дијагностицирано ментално нарушување. Тоа вклучува проблеми во однесувањето, вознемиреност и депресија, од кои некои се толку сериозни што погодените креваат раце на себе. Тоа значи дека еден млад човек се самоубива на секои единаесет минути, вели експертот за ментално здравје на УНИЦЕФ, Зеинаб Хијази: „Речиси 46 000 млади луѓе си го одземаат животот секоја година. Самоубиството е една од петте најчести причини за смрт кај групата од 15 до 19 години. Младите луѓе повеќе умираат само од сообраќајни несреќи, туберкулоза или насилство“.[9]

Иако завршеното самоубиство е ретко дури и кај адолесцентите кои се обидуваат да се самоубијат или пријавиле сериозни самоубиствени идеи, овие млади најчесто доживуваат тешка психопатологија и функционални оштетувања.[10] Во посебна глава во книгата, Даниела му ја доверува својата тајна за загубата, поточно за самоубиството на другарката од друштвото и причините кои довеле до тоа. А причините се повеќестрани. Од една страна е тајната врска на Еми со другарот од друштвото – Петар, како резултат на што дошло до неочекуваната бременост (малолетничка), но и неподготвеноста на Петар да ја прифати одговорноста: „Еми, не можам... не можам. Не смее никој да дознае за ова. Реши го сама проблемот. Морам да одам, ме чекаат...“ (162). Истражувањата покажале дека татковството најчесто ги изненадило татковците-тинејџери и на веста за бременоста реагирале со шок, негирање и страв. Реакциите укажуваат на тоа дека тие не знаеле за последиците од незаштитен секс и не ги поврзуваат своите постапки на незаштитен секс со ризикот да ја забременат девојката. Шокот и стравот биле вообичаени реакции на веста за

---

[7] Горјан Петревски, Возбуда-одовде до Америка (поговор на кн.„Бруклин“ од Д.Видическа), Македонска реч, Скопје, 2015, стр.213-218.

[8] St*edman's Medical Dictionary (28th. изд.). Philadelphia: Lippincott Williams & Wilkins. 2006.* ISBN 978-0-7817-3390-8

[9] Алармантни податоци: На секои 11 минути се случува едно самоубиство на дете или адолесцент, 11.10.2021, https://republika.mk, 18.03.2023

[10] David C. R. Kerr, Lesli J. Preuss, and Cheryl A. King, Suicidal Adolescents’ Social Support from Family and Peers: Gender-Specific Associations with Psychopathology, Journal of Abnormal Child Psychology,34, 99-110, 2006, DOI: 10.1007/s10802-005-9005-8.

тинејџерско татковство.[11] Стравот на Петар од одговорност, како и неговото игнорирање и незаинтересираност за ситуацијата во која се наоѓа Еми, придонесува за одлуката таа да се реши на незамисливото – да си го одземе животот.

Од друга страна е семејството на Еми, чии родители, презафатени со брачните проблеми, не забележале дека се случува нешто со нивната ќерка, а што е уште пострашно напрегнатата ситуација во домот придонела до тоа Еми да нема кому да се довери и да побара помош: „Ситуацијата веќе е лоша. Како не сфаќаш? Дома моите се пред развод и секој ден слушам кавги и плач. Веќе заборавија на мене и моите чувства и тотално се посветија на своите проблеми. Што мислиш, што би направиле кога ќе дознаат за нас?! Кога ќе дознаат дека... Дека сум бремена од тебе?! (162). Семејството и односите со врсниците се централни во секојдневниот живот на повеќето адолесценти. Некои автори откриваат поврзаност помеѓу самоубиствените однесувања на адолесцентите и тешкотиите во семејните односи кај адолесценти на возраст од 14 до 18 години. Понатаму, истражувањата покажале и дека семејната поврзаност и кохезивност се покажале како своевидна заштита од самоубиствените однесувања кај адолесцентите.[12] За жал, не наидувајќи на простор да се довери на најблиските, а откако била отфрлена од момчето, Еми прибегнува кон единственото, според неа, можно решение – самоубиството. Одредени истражувачи сметаат дека за оваа тема треба да се пишува отворено, за со неа да се запознаат и оспособат за дејствување  во правец на превенција и самите адолесценти, кои кога ќе дојдат во контакт со врсник кој покажува индиции за самоубиство, да можат да реагираат соодветно и да спречат да дојде до смрт, односно адолесцентот да ја оствари својата намера[13]: „Кога таа ги поткрена ракавите од униформата, забележав црвени засушени рани на рацете. Го вперив погледот уште еднаш, за да се убедам дека не ми се причинува, а Еми го виде тоа и веднаш ги спушти ракавите... Бевме на гости со моите родители, а децата на пријателите имаа мачка... Знаеш, незгода беше... Мачките толку непријатно гребат. Ти кажувам што се случи. Ако сакаш верувај, ако не, не мораш... Потоа не се осмелив да ја прашам пак и се однесував како да ми ја кажува вистината. Но, по неколку недели повторно ѝ ги видов рацете. Овој пат раните беа во поголем број и уште посвежи. Знаев, тоа сигурно не е од мачка. Сакав веќе да дознаам што се случува со неа. Како да ме имаше отфрлено од својот живот комплетно, иако знаеше дека јас сум секогаш тука за неа“ (161). Навистина, на самиот чин на самоубиството на Еми му претходело самоповредување, како израз на својата немоќ, чувство на безилезност, но и како повик, крик за помош: „Ги гледаш ли овие рани? Ги гледаш ли!? Секоја вечер си нанесувам болка, зашто не знам што да правам, не знам кому да му се доверам. Немој да ми кажеш, дека не знаеш ни ти, зашто, верувај ми, многу добро знаеше вечерта кога бевме заедно“ (162). Сведок на овие дејства е Даниела, која токму заради неискуството за вакви ситуации, ја испочитувала желбата на Еми да преспие кај неа за да избегне соочување со родителите: „Ајде сега да те однесам дома... – Не, не сакам, те молам. Не можам да ги слушам моите родители кои креваат врева за секоја ситница. Не

---

[11] Sphiwe Madiba, Carol Nsiki, Teen fathers’ perceptions and experiences of fatherhood: A qualitative exploration with in-school teen fathers in a rural district in South Africa, Curr Pediatr Res 2017; 21 (3): 501-506, https://www.researchgate.net/profile/Sphiwe-Madiba/publication/322526680, 18.03.2023

[12] Sarah A Fotti, Laurence Y Katz, Tracie O Afifi, Brian J Cox, The Associations Between Peer and Parental Relationships and Suicidal Behaviours in Early Adolescents, Can J Psychiatry, Vol 51, No 11, October 2006, https://journals.sagepub.com/doi/pdf/10.1177/070674370605101106, 18.03.2023

[13] Mark P. Popenhagen, Roxanne M. Qualley, Adolescent Suicide: Detection, Intervention, and Prevention, *Professional School Counseling*, Vol. 1, No. 4 (April 1998), pp. 30-36, https://www.jstor.org/stable/42731820, 18.03.2023

можам да ги гледам во очи и на прашањето 'Како помина?' да им вратам со 'Добро'. Те молам, да преспијам кај тебе..." (163).

Самоповредувањето може да се дефинира како намерно и доброволно физичко самоповредување кое не е опасно по живот и е без свесна самоубиствена намера.[14] Самоповредувањето (и самоубиството) кај адолесцентите се крајни продукти на сложената интеракција помеѓу генетските, биолошките, психијатриските, психолошките, социјалните и културните фактори.[15] Експертите ги нагласуваат објаснувањата за стресот во теоретските формулации, конкретно дека предиспонирачки се биолошките фактори (на пример, нерамнотежа на серотонин), личноста (на пример, перфекционизам, импулсивност) и когнитивната ранливост (на пр., нарушено решавање на социјални проблеми), кои се комбинираат со изложеноста на негативни животни настани, вклучувајќи ги и раните и неодамнешните животни неволји и психијатриските нарушувања за да се зголеми ризикот од самоуништувачко однесување во текот на целиот животен век.[16] Методите на самоповредување се хетерогени, вклучително и дејствија како што се самосечење, скокање од височина и слично,[17] но самосечењето е најчестиот метод на самоповредување кај адолесцентите, и тоа особено кај женските адолесценти, како што е забележано во Студијата за самоповредување на деца и адолесценти во Европа.[18]

На тој начин, кај Еми се појавиле неколку ризик фактори кои довеле до нејзиното самоубиство. Најпрвин, дисфункционалното семејство (родителите се во фаза на развод), малолетничката бременост, како и отсуството на поддршка од саканиот Петар кој се покажува како незрел и недораснат за улогата на родител, но и нејзината затвореност и срам да зборува за својата ситуација.

Од друга страна, грижата на совеста која ја чувствува Даниела е огромна и во нејзините зборови може да почувствува не само самопрекор, туку и прекор упатен кон сите кои се инволвирани во животот на младите адолесценти: „Во тој момент како цел свет да ми се сруши... Како да изгубив дел од себе. Почнав да се обвинувам себеси. Почнав да плачам. Мислев дека можев да направам нешто за неа, ако се заинтересирав повеќе, можеби тоа никогаш немаше да се случи" (163). Самоубиството на најдобрата другарка има уништувачко влијание врз неа: „Следните денови, како да не постоев. Секоја ноќ почнав да имам и кошмари. Ми беше страв да ги затворам очите пред спиење... Не јадев и се изолирав од сите. Не комуницирав со никого и се концентрирав на учењето... В училиште некои ме сожалуваа, а ги имаше и оние што ме споредуваа со Еми. Некои ми дофрлаа: 'Ќе заврши како другарка ѝ.' Или: 'Дете без иднина.' " (164).

Самоубиството на пријател или роднина може да има длабоко, исцрпувачко и потенцијално долготрајно влијание врз ужалените возрасни, како и адолесцентите. За

---

14 Aviva Laye-Gindhu and Kimberly A. Schonert-Reichl, Nonsuicidal Self-Harm Among Community Adolescents: Understanding the "Whats" and "Whys" of Self-Harm, Journal of Youth and Adolescence, Vol. 34, No. 5, October 2005, pp. 447–457, 2005,

15 Keith Hawton, Kate E A Saunders, Rory C O'Connor, Self-harm and suicide in adolescents, *The Lancet* 379.9834 (2012): 2373-2382., https://medecin-ado.org/addeo_content/documents_annexes/self-harmandsuicideinadohawtonlancet2012.pdf, 18.03.2023

16 Evans E, Hawton K, Rodham K. Factors associated with suicidal phenomena in adolescents: a systematic review of population-based studies. Clin Psychol Rev 2004; 24: 957–79.

17 Hawton K, Rodham K, Evans E, Weatherall R. Deliberate self-harm in adolescents: self report survey in schools in England. BMJ 2002; 325: 1207–11.

18 Madge N, Hewitt A, Hawton K, et al. Deliberate self-harm within an international community sample of young people: comparative findings from the Child and Adolescent Self-harm in Europe (CASE) Study. J Child Psychol Psychiatry 2008; 49: 667–77.

децата и адолесцентите, жалоста по самоубиството на некој нивен близок може да биде трауматично и многу различно од жалоста по други видови на смрт.[19] Смртта на најдобрата пријателка ќе предизвика очај, чувство на вина и грижа на совест кај Даниела, но и во тие моменти, таа не наидува на поддршка кај врсниците, туку напротив, започнува и нејзина изолација и „жигосување" според принципот „со кого си-таков си". Ваквите појави не се необични и за нашиве простори, и токму тие појави ги осудува авторката Видическа, со очајнички апел кон заедницата, вклучително и врсниците, и училиштето, но и семејството да имаат активен и претпазлив однос кон адолесцентите во клучните години од нивниот развој.

На крај, треба да се потенцира и напорот на авторката Видическа да внесе и криминалистичка компонента во својот роман, преку реалистично сликање на американската стварност. Преку животната судбина на момчето Џон, како на филмско платно, пред читателот се прикажува наместената сообраќајна несреќа во која загинуваат неговите родители, а криминалците по три години ќе ја киднапираат Даниела за да изнудат размена со синџирчето „околу кое се вртат не само загатливи, ами и трагични настани". Тајната за содржината на синџирчето заради кое загинале родителите на Џон, а скоро и неговиот и животот на Даниела бил во смртна опасност, останува неразјаснета до крај.[20]

Романот „Бруклин" има привлечен, индикативен наслов, кој не се однесува директно на летната посета и авантура на младата Даниела во големата земја.

Вистинската порака на романот можеби најдобро се согледува во советот кој ѝ го дава нејзината братучетка Ана, како одговор на стравот на Даниела од враќањето дома, во родната Македонија, од каде побегнала: „Се соочувам со реалноста и со тоа дека треба да се вратам во местото каде сите ќе зборуваат за мене и ќе ме гледаат како чудак" (203). Во зборовите на Ана се согледува една голема животна вистина и филозофија за живеењето на сопствениот живот според сопствените вредности и принципи, а не според оние кои ни ги наметнува средината или културата. Затоа, Ана ѝ советува со себе да ја понесе културата на метрополата: „Понеси го и Бруклин со себе. Зашто, постојано велиш дека им се восхитуваш на луѓето овде, бидејќи се безгрижни и опуштени... Зошто тоа, Даниела, не си го земеш со себе? Опуштеноста и негрижењето?...Никој не се занимава со тоа што правиш ти" (203-204).

---

[19] Julie Cerel, Rosalie S. Aldrich, The Impact of Suicide on Children and Adolescents (In: Grief after Suicide), Routledge, 2010.

[20] Горјан Петревски, Возбуда-одовде до Америка (поговор на кн.„Бруклин" од Д.Видическа), Македонска реч, Скопје, 2015, стр.213-218.